Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

ИП1 бр.15-03
16.01.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генерален инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 став (1) точка 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022, 171/2022 и 3/2025) и членот 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр.89/2022 и 3/2025"), во врска со постапување на правниот субјект согласно одредбите од Законот за животната средина, донесе:

## РЕШЕНИЕ

Правниот субјект Друштво за трговија и услуги ДЕЛТА ГРОУП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Чучер Сандево, со деловно седиште на Чучер Сандево застапувано од одговорното лице Луан Муча сопственик со адреса Тирана, Албанија со кое:

1) СЕ ЗАДОЛЖУВА да се изработи Елаборат за заштита на животната средина согласно важечката Уредба и истиот да се достави на одобрување во Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор за животна средина.

РОК: 30 дена од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Генералниот инспектор за животна средина врз основа на вонреден инспекциски надзор, согласно членот 198 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010;

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022, 171/2022 и 3/2025), во правниот субјект Друштво за трговија и услуги ДЕЛТА ГРОУП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Чучер Сандево, со деловно седиште на , Чучер Сандево утврди дека горенаведениот правен субјект сеуште нема отпочнато со работа, поради обезбедување на потребната документација од аспект на здравство и животна средина. Планирано е производство на бои и лакови во затворен магацински простор кој се наоѓа на локацијата на правниот субјект. Целата локација е оградена, има обезбедување видео надзор и физичко обезбедување 24 часа. Поседува бунар за добивање вода за целиот објект, објектот е поврзан со канализационен систем и има сопствена септичка јама. Загревањето на правниот субјект ќе биде со клима уреди. Постои паркинг простор, целиот објект е бетониран. Сопственикот на локацијата поседува и договор за комунален смет со ЈКП од Чучер Сандево, кој ќе се достави дополнително по е-пошта.

Правниот субјект има договор за закуп на 10 година на локацијата деловен простор арх.бр.0307/010 од 19.02.2020 година.

Елаборат за животна средина не е изготвен, а за користење на водата од бунарот не поседува сопственикот на локацијата дозвола од аспект на Закон за води.

Правна поука: Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019 и 3/2025) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 бр.15-03 од 16.01.2025г.

Доставено до :
- Архива
- ДТУ Делта Гроуп Македонија

ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Дарко Блинков